ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2017 ГОДИНА НА

# ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
# УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА КАРДИОЛОГИЈА
# СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ (737)

01 2018 06 05/1

**Скопје, април 2019**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 40 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 41 |
| Биланс на состојба | 42 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 43 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 44 - 47 |
| - Сметководствени политики | 47 - 49 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 49 - 53 |

Кратенки користени во извештајот:

ЈЗУ – Јавна здравствена установа;
**Универзитетска клиника** – ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија Скопје;
**ФЗОМ** – Фонд за здравствено осигурување на Македонија;
**МЗ на РМ** – Министерство за здравство на Република Македонија;
ЗЈН – Закон за јавни набавки;
ЗЈВФК – Закон за јавна внатрешна финансиска контрола;
**ЈУ од областа на здравството** – Јавна установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ, Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар Скопје;
**ОЕ** – организациона единица;
**ДДЈН** – Доделени договори за јавна набавка.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 17 – 284/9

Дата: 02.05.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија Скопје (во понатамошниот текст – Универзитетска клиника) на сметката за средства од Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година.

За финансиските извештаи за 2017 година изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи и за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2017 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите на Универзитетската клиника за 2008 година и изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2017 година констатирано е:

- воспоставен е систем за евидентирање на работното време, но не е обезбедено негово постојано користењето од одреден број на вработени и истиот не е поврзан со софтверската апликација за пресметка на плата што има влијание на појава на ризици во делот на потврдувањето на работните часови и пресметка и исплата на платите;
- со постоечката процедура за јавни набавки не е регулиран начин на планирање и следење на реализацијата на договорите за јавна набавка што

создава ризик кај одредени постапки за јавни набавки да отсуствуваат целосни и усогласени насоки за планирање во делот на навремено отпочнување на јавните набавки како и неусогласеност со обезбедените средства за реализација на набавките;

- за делот на управувањето со залихите не се донесени интерни акти и воспоставени сеопфатни контролни механизми кои ќе овозможат точност, целосност и навременост на податоците поврзани со приемот, издавањето, потрошокот и евидентирањето на залихата на лековите и медицинските материјали по организациони единици;
- актите за организација и систематизација на клиниката не се усогласени согласно барањата на законската регулатива;
- функцијата директор ја извршува вршител на должност медицински директор и не е пристапено кон склучување на менаџерски договор;
- воспоставена е материјална евиденција на приемот и издавањето на залихите на материјали во магацинот на медицински материјали и ОЕ меѓутоа со извршената ревизија констатиравме состојби кои не обезбедуваат нивно потврдување и реално и објективно презентирање во финансиските извештаи.
- пописот на материјалните средства и залихите по организациони единици е извршен нецелосно и неправилно поради што ревизијата не се увери дека е извршено вредносно и количинско усогласување на средствата, што има влијание врз реалното и објективно прикажување на финансиските извештаи на ден 31 декември;
- констатирани се залихи на медицински средства по ОЕ кои немаат потрошок во текот на годината во вкупен износ од 18.448 илјади денари и евидентиран расход-оштетен материјал во износ од 528 илјади денари, за кои не се преземени активности за целосен попис и уништување на медицинските средства со поминат рок на траење, согласно член 73 од Законот за управување со отпад и Правилникот за начинот на постапување со медицинскиот ............ отпад[1].
- спроведени се постапки за јавни набавки во кои се констатирани одредени недоследности во делот на усогласеност на одлуките за јавна набавка со планот и обезбедените средства со финансискиот план и влијае на создавање обврски кои не се исплатени согласно договорениот рокот со договорите за јавни набавки.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.

Во делот **Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**, ревизијата известува за:

[1] Правилникот за начинот на постапување со медицинскиот отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад „Службен весник на РМ“ бр. 146 од 06.12.2007 година.

- финансиската состојба во која се наоѓа Универзитетската клиника, влошената ликвидност и неможноста за плаќање на обврските поради необезбедено купување на вкупно извршените здравствени услуги од страна на Фондот од една страна како и ненаплатените побарувања по основ на извршени сервисни услуги од друга страна;
- во рамките на зградата на Универзитетската клиника сместена е и Универзитетската клиника за државна кардиохирургија кои немаат склучен Договор за уредување на меѓусебните односи за еднакво партиципирање во заедничките трошоци, ниту пак се решени имотно-правните односи помеѓу двете клиники за точно утврдување на просторот со кој располагаат клиниките и запишување на промените во јавните и деловните книги и покрај доставено известување до Министерството за здравство за потребата од разрешување на меѓусебните права и обврски со кои се соочуваат двете клиники за што повратно не е добиен одговор.

Во делот **Останати прашања**, ревизијата известува за дополнителни трошоци на име маржа од утврдениот надоместок за извршената услуга од страна на ЈУ од областа на здравството.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор заведени под број 17-284/1 од 12.03.2019 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 41 до 43 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетска клиника на сметката за средства од Фондот, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Универзитетската клиника за 2008 година, при што изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Универзитетска клиника застапуван од:
- Д-р Сашко Кедев, медицински директор во периодот од 06.02. до 07.07.2008 година, вршител на должност медицински директор од 08.07.2008 до 02.02.2009 година, медицински директор од 02.02.2009 до 02.02.2013 година и вршител на должност медицински директор од 03.02.2013 до 05.07.2017 година;
- Верица Стојковиќ, организациски директор во периодот од 06.02.2008 до 07.07.2008 година и од 02.02.2009 година до 02.02.2013 година и вршител на должност организациски директор во периодот од 03.02.2013 година до 04.08.2017 година;
- Д-р Беким Поцеста, вршител на должноста медицински директор во периодот од 05.07.2017 година до 14.02.2018 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во

финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да

известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 17.09.2018 до 23.11.2018 година кај Универзитетската клиника од тим (со ротирање на дел од ревизорите во одреден период) на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 21 јануари 2019 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор заведени под број 17-284/1 од 12.03.2019 година.

**Констатирани се следните состојби:**

### 3.1. Внатрешни контроли
**Процес плати**

3.1.1. По извршеното снимање на системот на интерни контроли во процесот на плати ревизијата констатира дека Универзитетската клиника нема донесено пишани процедури за пресметка и исплата на плати со дефинирани надлежности и одговорности на лицата во процесот, што не е во согласност со член 7 и член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Активностите во врска со пресметка и исплата на платата се спроведуваат од страна на референт за пресметка на плати за кој со постоечкиот акт за систематизација од 2009 година не се утврдени надлежности (туку истите се наведени во описот на задачи за местото благајник).

Согласно воспоставената пракса контролните активности во делот на пресметка, евиденција и исплата на платите на вработените функционираат, со присутни ризици во делот на потврдување на реалноста на податоците за работното време.

Имено, во Универзитетската клиника воспоставен е систем за електронско евидентирање на работното време на вработените, но податоците од евиденцијата за обработените работни часови не се користат како основ за пресметка на платите, освен во случаите на исплати при прекувремени часови на работа. Со увид во евиденцијата утврдивме дека дел од вработените не го користат редовно и правилно системот за евидентирање на нивното работно време, што не е согласно барањата на член 116 став 6 и 7 од Законот за работни односи.

Универзитетската клиника врз основа на претходно известување и насоки дадени од Министерството за здравство има донесено одлука за групна набавка[2] на централен систем за регистрација на работно време кој ќе се користи и при пресметка и исплата на платите. По спроведената групна набавка од Министерството за здравство во име и за сметка на ЈЗУ во текот на 2017 година во Универзитетската клиника испорачани и монтирани се два уреди за евиденција на работното време но истите не се ставени во функција, од причини што Централниот систем за евиденција на работното време по биометриски податоци во Министерството за здравство сеуште не е отпочнат со примена, што не е во согласност со барањата утврдени во членот 92-д од Законот за здравствена заштита. Погоре наведените состојби укажуваат дека во процесот на пресметка и исплата на плати има присуство на ризици во делот на потврдување на реално одработените работни часови.

**Препорака**
Одговорното лице на Универзитетската клиника да преземе активности за:

- донесување и усвојување на процедури за пресметка и исплата на плати со јасно и целосно утврдување на надлежностите на сите лица вклучени во процесот;
- зајакнување на контролни активности за правилно и континуирано користењето на електронскиот систем за евиденција на работното време и негова примена при пресметка и исплата на плата на вработените.

**Процес на јавните набавки**

**Планирање на набавките**

3.1.2. Системот на интерни контроли во процесот на јавните набавки се спроведува без да биде донесена процедура за планирање и следење на реализацијата на јавните набавки согласно барањата од член 7 и член 16 од ЗЈВФК со кои се предвидува воспоставување на процедури за работа/правила за документирање на сите активности. Имено донесена е Основна процедура за работа на секторот за јавни набавки со која е опфатен делот на спроведување на постапките за јавни набавки, но не и постапката за утврдување на годишните потреби, од иницирање на набавките со утврдување на приоритети,

[2] Одлука на Управниот одбор бр.02-486/7 од 16.03.2016 година за групна набавка на централен систем за регистрација на работно време

и дефинирање на контролни активности на инволвираните лица, како и начинот на следење на реализацијата на јавните набавки. Целокупниот процес на планирањето на набавките како воспоставена пракса на работа отпочнува од Секторот за јавни набавки кој доставува барање до сите Организационите единици на клиниката за планирање/утврдување на потребата од набавки за изготвување предлог планот за јавни набавки. Одговорните лица на секторите и одделенијата годишните потреби ги утврдуваат врз основа на анализи за потрошокот од претходните години кои не се документирани, како и претпоставените потреби за тековната година, без утврдени приоритети и без да се земат во предвид расположливите средства за потребата од набавката. Конечните потреби во планот за јавни набавки се утврдени од страна на лицата во Секторот за јавни набавки без за истото да се расправа на седница на Стручниот колегиум, што е предвидено со одредбите на член 112 од Законот за здравствена заштита. Утврдената состојба за начинот на утврдување на потребите од набавки има влијание на усогласеноста на набавките во однос на потребите и приоритетите во користење на средствата. Имајќи ја предвид оваа состојба постои ризик кај одредени постапки за јавни набавки да отсуствуваат целосни и усогласени насоки за планирање во делот на навремено отпочнување на јавните набавки како и неусогласеност на потребните средства за реализација на набавките. Со ревизијата се констатирани слабости во делот на иницирање и спроведување на постапките за јавни набавки. Во досегашниот период не секогаш се обезбедува навремено иницирање на потребните набавки поради што еден вид на предмет на набавки е вклучен во повеќе постапки во текот на годината што не е во согласност со член 27 од Законот за јавни набавки со кој договорниот орган не смее да врши делење на договор за јавна набавка на повеќе посебни договори.

**Следење на реализацијата на ДДЈН**

Ревизијата утврди дека со актот за систематизација во Секторот за јавни набавки делегирани се надлежности за следењето на реализацијата на ДДЈН кај лицата референт за јавна набавка кои вршат следење преку контрола на добиените фактури во делот на следење на количини и цени, и исправноста на испораката. И покрај делегираните надлежности постојат ризици од пропусти при реализација на набавката. Имено воспоставениот начин на следењето за реализацијата на договорите за јавни набавки кој се врши преку евиденција во excel форма без воспоставување посебна софтверска апликација/модул за електронско следење на договорите за јавни набавки, а имајќи ги во предвид бројот и вредноста на склучени договори и артиклите кои се предмет на набавките не ги опфаќа во целост ризиците од пропусти при реализација на набавките.
Согледувајќи ја потребата од воведување на софтверска апликација од страна на одговорните лица во секторот за јавни набавки поднесено е барање за набавка на услуга за превентивно и адаптивно одржување на постоечкиот информатички систем web орентиран софтвер во рамките на кој е опфатен и модулот за ЈН која ќе

се реализира во текот на 2019 година.
Наведеното не е во согласност со член 105 точка 8 од Законот за здравствена заштита со кој се предвидува медицинскиот и организацискиот директор во рамките на заедничките надлежности да воспостават соодветно следење на реализацијата на договорите за јавните набавки за потребите на јавната здравствена установа.

**Препорака**
Надлежните органи за управување и раководење да преземат активности за:
- Усогласување на постоечките или донесување на нови процедури за начинот на планирање на јавните набавки и следење на реализацијата на договорите за јавна набавка со јасно разграничување на надлежностите и одговорностите со утврдени документи и рокови кои произлегуваат од процесот;
- воспоставување на правилен тек на активностите за планирање на јавните набавки, потврдување на потребите од ДДЈН на стручен колегиум и доставување предлогот на усвојување до Управен одбор;
- воспоставување на контроли пред отпочнување на постапката за јавната набавка за усогласеноста со планот за јавни набавки и обезбедените средства за реализација на договорот за јавна набавка;
- сеопфатно следење на фактурираната реализација по склучените договори за јавна набавка со целосни податоци преку воспоставување на модул за електронско следење на договорите за јавни набавки.

**Процес на управување и евидентирање на залихи**

3.1.3. Универзитетската клиника во текот на 2016 година со процесот на акредитација има изготвено пишани процедури за процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихата на лекови и медицински потрошен материјал во рамките на аптеката и секоја организациона единица одделно. Ревизијата констатира дека во праксата истите не се применуваат во целост особено Процедурата[3] во делот иницирање на потребата од изготвување на месечни извештаи за потрошок, кои не се изготвуваат во целост од страна на инволвираните лица во процесот. Непочитувањето и неисполнувањето на работните активности во рамките на воспоставените процеси во работењето не е во согласност со член 7 и член 16 од Законот за јавната внатрешна финансиска контрола што создава ризик евидентирањето на потрошокот во финасиската евиденција да се врши без поткрепувачка документација.

Воспоставена е материјална евиденција за прием, издавање и потрошок на лекови, медицински материјали и медицински потрошен материјал во магацинот за медицински артикли/ аптеката и во рамките на организационите единици, со евиденција за потрошок по пациент. И покрај воспоставеното мрежно поврзување помеѓу магацинот на медицински материјали и одделенијата не е воспоставена

[3] Процедура за месечно известување за трошење на лекови, медицински средства и медицински материјали бр.03-78414 од 27.4.2016 година.

финансиска евиденција по организациони единици, односно финансиски се евидентира само приемот/потрошокот по видови залихи во магацинот на медицински артикли, а на крајот на годината преку сторно книжење се врши сведување со состојбата на залихите по организационите единици. Нецелосно воспоставените контроли во делот на евиденцијата и финансиско усогласување со пописот предизвикуваат ризик искажаните податоци да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите и нивниот потрошок на клиниката.

**Препорака**
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника да преземат мерки за целосна примена на интерни акти (процедури) кои ќе овозможат точност, целосност и навременост на податоците поврзани со приемот, издавањето, потрошокот и евидентирањето на залихата на лековите и медицинските материјали по Организациони единици.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Раководењето со Универзитетската клиника во текот на 2017 година се врши од страна на работоводен орган кој се состои од две лица – вршител на должност медицински директор и вршител на должност организациски директор. Во периодот од 2008 година до средината на 2017 година функцијата ја извршуваат исти раководни лица кога се донесени повеќе решенија од Министерот за здравство за нивно именување/разрешување. Со последното донесено решение лицата се именуваат за вршители на должност почнувајќи од 03.02.2013 година се до 05.07.2017 година кога се разрешува вршител на должност медицинскиот директор и 04.08.2017 година кога се разрешува вршител на должност организацискиот директор. Управниот одбор на Универзитетската клиника на 25.12.2013 година распишал конкурс за избор на директори по кој МЗ на РМ нема направено избор на директор. На ваков начин мандатот на вршителот на должност директор траел повеќе од 6 месеци што не е во согласност со член 108 (став 5) од Законот за здравствена заштита.

На ден 05.07.2017 година донесено е Решение од Министерот за здравство за именување на нов вршител на должност медицински директор се до 14.02.2018 година кога се разрешува поради истекот на мандатот од 6 месеци и со ново Решение се именува нов вршител на должност медицински директор.

До периодот на извршување на ревизијата од страна на Управниот одбор не се преземени активности за повторно распишување на јавен конкурс за именување на директор од надлежниот министер што не е во согласност со член 27, 28 и 29 од Статутот, член 107 и член 108 од Законот за здравствена заштита. Исто така, за уредување на правата и обврските меѓу вршителот на должност директор и работодавачот не е склучен менаџерски договор, што не е во согласност со членот 104 од Законот за здравствена заштита.

Не преземањето на активности во законски утврдените рокови од страна на надлежните органи за избор на раководно лице има влијание на начинот на раководење со клиниката и извршување на дејноста на истата.

**Препорака**
Управниот одбор да пристапи кон распишување на јавен конкурс за избор на работоводен орган (директор на клиниката).
Министерот за здравство во согласност со Законот за здравствена заштита по добивањето на потребната документација да пристапи кон донесување на Решение за именување на директор на клиниката и да пристапи кон склучување на менаџерски договор за уредување на меѓусебните права и обврски.

3.2.2. Врз основа на извршениот увид во актите за организација и систематизација на работните места на Универзитетската клиника утврдивме дека во примена е акт[4] од 2009 година со голем број на измени и дополнувања (до 01.2015 година) кој не е усогласен со законската регулатива и Статутот од 2016 година[5].

Имено, согласно Законот за именување и дополнување на Законот за здравствена заштита[6], здравствените установи имаат обврска да извршат усогласување на статутот и внатрешните акти за организација и систематизација на работните места со одредбите на законот најдоцна до 01.09.2014 година за што е добиено и писмено укажување од страна на Министерството за здравство. Исто така, актите за организација и систематизација потребно е да се усогласат и со одредбите на Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Уредбата за описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници, Правилникот за формата и начинот на водење на Каталогот на работни места во јавниот сектор и други подзаконски акти.
Универзитетската клиника во текот на 2014 година изработила акт за внатрешна организација и систематизација на работните места но по истиот не е добиен одговор/согласност од надлежното министерство. Со оглед на тоа што актот за организација и систематизација не бил изработен и усогласен согласно барањата од Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административните службеници (кои се во примена од 2015 година), Универзитетската клиника пристапила кон изработка на нов Правилник за внатрешна организација и посебен Правилник за систематизација во текот на 2018 година. За изработка на новите акти користени се советодавни услуги од страна на лице ангажирано врз основа на

[4] Правилник за внатрешна организација и систематизација на ЈЗУ УК за кардиологија Скопје бр.0101-315/1 од 27.02.2009 година.
[5] Статут на УК за кардиологија бр.01-895/1 од 11.05.2016 година со Решение за давање на Согласност на Статутот од Министерот за здравство бр.11-4511/2 од 13.05.2016 година. Статутарна одлука бр.02-683/6 од 14.05.2018 година, со Решение за давање на согласност на Статутарната одлука од Министерот за здравство бр.11-4508/2 од 12.06.2018 година.
[6] Закон за именување и дополнување на Законот за здравствена заштита („Службен весник на РМ“ бр.39/14).

договор на дело. Наведените акти во текот на 2018 година се испратени до надлежните министерства за добивање на согласност.
Ваквата состојба има влијание врз класификацијата на работните места, видовите на вработувања, општите права, должности и одговорности, правото на плата, оценувањето на вработените, како и други општи прашања со организацијата и работниот однос на вработените.

Во периодот на вршење на ревизијата добиени се насоки за одредено постапување од МЗ на РМ по кои е постапено, а потоа добиена е согласност[7] на актите за организација и систематизација од МИОА по што истите стапуваат во примена, поради што ревизијата не дава препорака.

3.2.3. Начинот на пресметување на платата на вработените во Универзитетската клиника е уреден со одредбите на член 219 од Законот за здравствена заштита во кој меѓу другото е уредено дека платата на вработените зависи и од резултатите од работењето на здравствениот работник. Резултатите од работењето на здравствениот работник ги оценува, утврдува и одговара за нивната точност и веродостојност раководителот на внатрешната организациона единица кој го води и организира процесот на работа и директорите на јавната здравствена установа во која е вработен здравствениот работник. За имплементација на наведените одредби Универзитетската клиника на ден 31.10.2011 година донесува Одлука за воведување на системот на пресметка на плата базирана на резултатите од работењето на работникот и ефикасноста на користење на работното време, која е потврдена со Одлука од 27.06.2012 година за нејзина примена почнувајќи од 07.2012 година.

Со извршената ревизија констатиравме дека Универзитетската клиника во известувачкиот период не го практикува наведениот начин на пресметка на бруто плата поради усно известување од надлежните органи за напуштање на наведениот начин на пресметка на бруто плата.
По укажувањата од страна на Државниот завод за ревизија односно истакнување како системска слабост на наведените одредби од Законот за Здравствена заштита во претходните ревизорски извештаи, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на ден 28 јануари 2019 година донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ“ број 20/2019) со кој меѓу другото се врши интервенција во одредбите на член 219 со што констатираната состојба е надмината поради што ревизијата не дава препорака.

3.2.4. Согласно одредбите на член 91 од Законот за здравствена заштита Универзитетската клиника во рамките на организационата поставеност потребно е да организира внатрешна организациона единица - Болничка аптека за потребите на клиниката. Со постоечкиот акт за внатрешна

[7] Согласност од МИОА на Правилникот за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија бр.02-2060/25 од 14.11.2018 година.

организација и систематизација на Универзитетската клиника систематизиран е Отсек Аптека во рамките на Оддел – дијагностички центар, ургентна амбуланта и дневна болница со предвидени работни места раководител (дипломиран фармацевт) и една отсечна медицинска сестра. Во текот на 2017 година аптеката функционира само со вработена медицинска сестра, иако во изминатиот период (ноември 2008 година) Универзитетската клиника добила дозвола за почнување со работа на аптеката со Решение од Министерство кое било во важност се до 09.2010 година кога клиниката престанува да ги исполнува условите во поглед на стручниот кадар (поради одлив на кадар - дипломиран фармацевт).

Со новиот акт за систематизација од 2018 година систематизирано е работно место дипломиран фармацевт при Оддел за неинванзивни дијагностички методи и специјалистичко-супспецијалистичка дејност, но без да биде систематизиран организационен облик болничка аптека, со оглед на тоа дека истиот не е предвиден како посебен ниту во Статутот. Наведената состојба создава можност за влијание врз правилна клиничка употреба, управување, рационалност и оптимизација на набавките и залихите на лековите.

Ревизијата доби образложение дека при изготвување на Статутот, МЗ на РМ не прифатило организирање на болничка аптека како организационен облик бидејќи Универзитетската клиника нема вработено дипломиран фармацевт, за што усно им било посочено дека со вработување на дипломиран фармацевт клиниката треба да побара дополнение на Статутот за организирање на болничка аптека. Наведеното укажување е спротивно на одредбите на член 91 од наведениот закон како и на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита донесен во текот на 2019 година каде е наведена можноста за формирање на организациона единица болничка аптека во универзитетска клиника.

Во текот на 2018 година Универзитетската клиника со договор на определено време вработува дипломиран фармацевт, но поради времениот карактер на вработувањето Универзитетската клиника се нема обратено до Агенцијата за лекови и медицински средства за издавање на дозвола за вршење на дејноста на аптеката.

**Препорака**

Раководното лице на клиниката да преземе активности за усогласување на интерните акти, формирање на организационен облик болничка аптека и пополнување на работното место дипломиран фармацевт на неопределено време и обезбеди дозвола за вршење на дејноста на болничката аптека во рамките на Универзитетската клиника.

3.2.5. Со измените на правилникот за внатрешна организација и систематизација на УК од 2011 година систематизиран е посебен Оддел – Служба за ревизија и контрола но без предвидено работно место, со што не е реализирано вработување на внатрешен ревизор. Со новите акти за организација и систематизација на работните места на Универзитетската клиника

внатрешната ревизија е систематизирана како посебна организациона единица со предвидено едно работно место советник-внатрешен ревизор. Наведената состојба не е во согласност со членот 30 и член 31 од ЗЈФК каде е уредена обврската на раководителот на институцијата од јавниот сектор за формирање на внатрешна ревизија која би се состоела од најмалку еден внатрешен ревизор и раководител на единицата за внатрешна ревизија согласно утврдени критериуми. Поради не воспоставената внатрешна ревизија одговорните лица на Универзитетската клиника немаат целосна информација за постоењето и функционирањето на внатрешните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските активности при работењето и усогласеноста со законските и подзаконските акти.

**Препорака**
Раководното лице за управување и раководење да преземе активности за систематизирање на внатрешната ревизија со соодветен број на работни места и да обезбеди нејзино екипирање.

3.2.6. Согласно измената на Законот за здравствена заштита во 2015 година министерот за здравство е должен да го воспостави Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ. Воспоставување на системот во јавните здравствени установи треба да овозможи побрзо, полесно и правилно донесување на одлуки во управувањето со финансиите и останатите работни процеси во јавните здравствени установи, следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во јавните здравствени установи. ЈЗУ се должни да воведат редовна евиденција на сите потрошени основни и помошни медицински материјали класифицирани по пациент, по упат и по здравствен работник, и воведат задолжителна евиденција на залихите на медицинските материјали во главното депо и во сите помошни депоа на лекови. Заради непречено функционирање на Националниот систем, директорот на ЈЗУ е должен да обезбеди софтверска апликација која ќе овозможи непрекината двонасочно комуникација и размена на податоци со интегрираниот здравствен информатички систем востановен согласно со прописите за евиденциите од областа на здравството.

Од страна на одговорното лице на ИТ Секторот и софтверската куќа која е ангажирана од страна на ЈЗУ УК за Кардиологија преземени се активности во насока на комуникација со МЗ за воведување на системот но сепак истиот до денот на ревизијата не е имплементиран во работењето на Клиниката, што не е во согласност со одредбите на член 92-г од Законот за здравствена заштита.

**Препорака**
ЈЗУ УК за кардиологија во соработка со надлежното министерство да преземат активности за имплементација на Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење.

## 3.3. Финансиски извештаи
### Биланс на приходи и расходи

3.3.1. Врз основа на извршениот увид во начинот на пресметување, евиденција и исплата на плата, како и во персоналните досиеја на вработените ги констатиравме следниве состојби:

- по основ на прекувремени часови на работа во текот на 2017 година исплатен е додаток на плата на вработени лица во вкупен износ од 3.943 илјади денари пресметан во висина утврдена со Поединечниот колективен договор на самостојниот синдикат. Имено, ревизијата утврди дека за 18 вработени во Универзитетската клиника (на работни места доктор/доктор-специјалист, медицинска сестра, портир/транспортер, транспортер) континуирано во текот на годината вршена е исплата на додаток на плата по основ на остварени прекувремени часови на работа со што е надминат пропишаниот максимален лимит од 190 часа годишно по вработен. Бројот на остварени прекувремени часови за наведените вработени на годишно ниво се движи од 194 до 437 часови и на ваков начин за 2017 година по основ на прекувремена работа над утврдениот лимит исплатени се 574 илјади денари. Исплатите на прекувремените часови се темелат на извештаи за остварена прекувремена работа на месечно ниво со потпис од раководителот на соодветната организациона единица, како и исплата на дополнителни 2,5 часа прекувремени работни часови за вработените кои работеле до 06:00 часот наутро заради присуство на утринските состаноци за реферирање на состојбите. За одредени вработени извршена е исплата за прекувремена работа и покрај тоа што отсуствува ажурна евиденција во електронскиот систем за работно време. Наведените состојби не се во согласност со член 117 од Законот за работните односи и членот 26 од Поединечниот колективен договор[8] каде што е уредено дека прекувремената работа може да трае најмногу 190 часа годишно и во услови пропишани со законот, а доколку работодавачот воведе прекувремена работа подолго од пропишаната е должен да изврши прераспоредување на работното време/воведување на смени. Поради наведеното, ревизијата не беше во можност да потврди дека прекувремените часови секогаш се одраз на исклучително зголемување на обемот на работата, односно потребно продолжување на работниот процес;
- со увид во начинот на организација на работата за спроведување на непрекинато вршење на 24-часовна здравствената дејност ревизијата утврди дека во клиниката (во услови на неможност од организирање на работата на

[8] Поединечен колективен договор на самостоен синдикат на вработените во Универзитетските клиники, центри, клинички болници и други ЈЗУ во РМ во делот за правата, обврските и одговорностите на вработените и работодавачот.

докторите во смени) не е донесена Одлука за воведување, обемот (вклучувајќи го и времетраењето) на дежурствата по добиена согласност од министерот за здравство, што не е согласно барањата на член 216 од Законот за здравствена заштита. Во поглед на времето поминато на работа и начинот на исплата Универзитетската клиника постапува по Известување за работа во дежурствата и Упатство за пресметка на додатоци и надоместоци од плата кои потекнуваат од времето на Клинички центар (по кои за работа од 16 часа во работни денови пресметува плата како 8 часа редовна работа и 8 часа ноќен труд);

- со увид во 22 персонални досиеја на вработените и утврдените коефициенти за пресметка и исплата на плати, кај 3 лица утврдивме несоодветно утврдени коефициенти согласно работното место и/или образование (за главна медицинска сестра во периодот од 05.12.2012 до 07.07.2017 година распоредено е лице со средно медицинско образование и високо образование кое не е од областа на здравствената дејност, а притоа доделен е коефициент за пресметка на плата како здравствен работник со високо образование; благајник - утврден е коефициент кој се однесува за стручен соработник, ликвидатор - не ги исполнува барањата за образование утврдени со актот за систематизација, а притоа доделен му е коефициент по образование).

Несоодветната примена на законските акти во делот на исплатите по основ на прекувремени часови, предизвикуваат можност за исплата на плати во повисок износ од законски утврдените износи.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности во насока на:

- соодветно планирање и распоредување на човечките ресурси на тој начин што прекувремените часови на вработените нема да го надминуваат пропишаниот лимит на годишно ниво;
- донесување на Одлука за воведување, обемот и времетраењето на дежурствата и обезбедување на соодветна согласност од министерот за здравство;
- усогласување на коефициентите за исплата на плата врз основа на работното место и образование согласно Колективниот договор.

**Биланс на состојба**

3.3.2. За вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствена со фактичката состојба Управниот одбор на Универзитетската клиника за 2017 година има донесено Решение за формирање на централна пописна комисија и поединечни пописни комисии. По извршениот увид во Извештајот од попис и пописниот материјал ревизијата ги утврди следните состојби:

- во текот на 2017 година извршен е попис на залихите на лекови, медицински средства и медицински потрошен материјал по организациони единици, при што е констатирано дека пописните листи од физичкиот попис по одделите содржат само назив на средствата и количина без податоци за вредност како основа за усогласување на сметководствената евиденција со фактичката состојба. Дел од количините евидентирани со пописот не се идентични со податоците на лагер листите, за што не е презентирано во Извештајот од попис[9]. Ваквиот начин на постапување од страна на пописната комисија без извршено усогласување на податоците од пописот и преземање само на состојбата од сметководствената евиденција (2016 и 2017 година) овозможува искажаните податоци да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите на Универзитетската клиника како и реализираниот потрошок во тековната година. Не е извршен попис со користење на бар код читачи согласно став 6 од член 92-г од Законот за здравствена заштита, односно истиот е спроведен на пописни листи со рачно внесување на називите и количините на артиклите, без да се изготви рекапитулар по организациони единици за вредносно усогласување помеѓу материјалната евиденција и фактичката состојбата.

  Поради наведеното ревизијата констатира дека вредноста на залихите на медицински средства искажана во извештајот од попис не е усогласена со состојбата од материјална евиденција за износ од 246 илјади денари;
- од страна на пописната комисија даден е предлог за расходување на медицински средства, но не е донесена одлуки за прифаќање на предлогот од пописната комисија. Поради неактивност на Комисијата за расход, отуѓување и лицитација не се преземени активности за поведување на постапка за понатамошното постапување согласно член 73 од Законот за управување со отпад и Правилникот за начинот на постапување со медицинскиот отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад, не е извршено уништување на медицинските средства со поминат рок на траење и воспоставување на соодветна евиденција за истото.
- со Одлука за формирање на пописни комисии за 2017 година формирана е Комисија за попис на потрошен медицински и немедицински материјал (магацин) и библиотека. Посебна комисија за вршење на попис на немедицински материјал по организациони единици не била формирана и во разговор со одговорните лица ревизијата доби податок дека од тие причини истиот не е спроведен. Од увидот во материјалната евиденција на клиниката состојбата на немедицински материјал (канцелариски материјал, средства за хигиена и др. немедицински материјали) по организациони единици е во износ од 1.180 илјади денари;

[9] Извештај за попис бр. 03-84/3 од 06.02.2017 година.

- со пописот на опремата за 2017 година не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Пописот е спроведен по организациони единици, а пописните листи содржат само назив на средствата и количина без податоци за вредност како основа за потврдување на сметководствената евиденција која е искажана во износ од 15.749 илјади денари. Називот на повеќето основни средства на пописните листи не е усогласен со називот во сметководствената евиденција, што предизвикува потешкотии во усогласување на податоците, а на дел од пописните листи попишан е и ситен инвентар. Опремата содржи инвентарни броеви но пописот не е спроведен со користење на бар код читач, бидејќи инвентарните броеви не се внесени во сметководствената евиденција. Поединечните пописни комисии и Комисијата за расход не доставиле предлог за расход на опрема до Централната пописна комисија и покрај тоа што во рамките на клиниката постои опрема која поради неисправност, нефункционалност или технолошка застареност не се користи, а притоа биле утврдени средства за расход. Во Одлуката од Управен одбор[10] со која се усвојува Извештајот од попис за 2017 година даден е предлог расходот (иако не бил даден предлог за расход) да се изврши по завршната сметка откако Комисијата за расход ќе изврши увид во реалната состојба поткрепена со целосни сметководствени податоци за средствата;
- Извршен е физички попис на книги и литература во библиотеката на Универзитетската клиника, при што пописните листи не содржат вредносни показатели, а ревизијата утврди дека библиотекарскиот фонд во изминатиот период не е сметководствено евидентиран, бидејќи не била извршена проценка на вредноста на истиот;
- Пописните листи на ситниот инвентар не содржат вредносни показатели поради што не е извршено усогласување на состојбата по попис и сметководствената состојба, поради што во рамките на Извештајот од Централната пописна комисија извршено е прифаќање на податоците од сметководствената евиденција во износ од 203 илјади денари за ситен инвентар на залиха и 13.244 илјади денари за ситен инвентар во употреба. Дел од ситниот инвентар е попишан на пописните листи за основни средства без да се изврши нивно разграничување.
- не е извршен попис на структурата на обврските и побарувањата од аспект на нивната застареност и можноста за наплата што наведува на заклучок дека пописот на побарувањата и обврските е изведен само со преземање на податоците од сметководствената евиденција.

Наведените состојби не се во согласност со член 19 и член 21 од Законот за

[10] Одлука од Управен одбор бр.02-227/5 од 08.02.2018 година со која се усвојува Извештајот од попис за 2017 година.

сметководството за буџетите и буџетските корисници и одредбите од член 29, член 31, член 31-а член 31-в и член 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
Нецелосно и неправилно извршениот попис предизвикува можност од нереално и необјективно искажување на билансните позиции од Биланс на состојба на ден 31 декември и намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат финансиските извештаи.

**Препорака**
Раководното лице на Универзитетска клиника да ги преземе потребните активности за обезбедување на услови за извршување на целосен попис на средствата и обврските во Универзитетската клиника;
Одговорните лица назначени за вршење попис да преземат активности за спроведување на пописот на начин кој ќе овозможи усогласување на сметководствената со фактичката состојба и давање предлози за начинот на постапување со средствата кои има потреба да се расходуваат, не се во употреба итн.

3.3.3. За потребите на тековното работење на Универзитетската клиника функционира магацин на медицински материјали кој врши прием на медицински средства (стентови, пејсмејкери, електроди за пејсмејкери, жици, интрадусери и се друго со ознака гуде-вире) за потребите на организационите единици. По приемот истите во целост ги издава на организационите единици: сала за ангиографија и сала песмејкери и интензивна нега кои имаат посебни магацини.

Со извршената ревизија на приемот, евидентирањето и управувањето со залихите на медицински средства го констатиравме следното:

- состојбата на залихите на медицинските средства во финансиско сметководство е искажана во износ 58.124 илјади денари, која во однос на состојбата во материјалната евиденција е искажана во помал за износ од 2.971 илјада денари, поради сторнирање на почетната состојба и потрошокот на крајот на годината назначени како финансиски исправки за усогласување на материјална со финансиска „картичка“. При усогласувањето користени се податоци од „листа на лагер” по артикли кои не се усогласени со состојбата во материјалната евиденција презентирани во „спецификации на артикли по тип на артикли”, што придонело во финансиско сметководство да се евидентира сторно на поголем износ. Како објаснување за констатираните отстапувања во текот на ревизијата од страна на економскиот оператор кој врши одржување на програмот наведено е дека поради грешки во софтверот има разлики во цени на артиклите во материјалната евиденција по ОЕ, но и од страна на лицата кои ја водат материјална евиденција не се внимавало на цените да се усогласени при приемот и потрошок на артиклите. Од причина што не е донесена одлука за вреднување на залихите на ниво на Универзитетската клиника, постојат разлики во цените на артиклите во материјалната евиденција по ОЕ и цените во магацинот на медицински артикли каде има воспоставено вреднување на

залихите со утврдената ФИ-ФО методата, што има влијание на искажување на реалната состојба на залихите по ОЕ.

- за потребите на операционите сали одговорните лица на магацинот Интервенции сали вршат нарачки на медицински средства со реверс директно од економските оператори, без да бидат евидентирани во материјалната евиденција. По извршената интервенција се евидентира потрошокот медицински средства по пациент, за кој покасно е обезбеден прием и фактура од добавувачот, а дел од средствата кои не се употребени се враќаат на добавувачот. Не оспорувајќи ја потребата од итноста и неминовноста на одредени медицински средства во интерес на здравјето на пациентите воспоставениот начин го зголемува ризикот од навремено и целосно евидентирање на приемот и реализацијата на медицинските средства, поради што се наметнува потребата од нудење на долготрајно решение кое ќе ги задоволи сите потреби.
- неправилно е воспоставена евиденцијата на медицински средства кои се примени како мостри, донации, гратис и донации за клинички испитувања во магацинот за медицински материјали и магацинот Интервенции сали и истите не се посебно обележани во пописните листи. Имено поради неизвршено разграничување од набавките на медицинските средства од средствата добиените без обврска за плаќање со посебна аналитика (комитент) влијае на следење на количините и планирање на набавките.
- клиниката во 2016 и 2017 година има примено донации на стентови („sirolimus el.biores.vss me res" – од повеќе димензии) за клиничката одредена клиничка студија во вкупен износ од 11.401 илјада денари. Поради завршување на студијата и краткиот рок на употреба, неупотребените количини кои биле на залиха во магацинот Интервенции сали се повлечени во 2017 година од страна на фирмата застапник со повратница која на записници е потврдена од одговорните лица на Одделот Интервентна кардиологија и директорот на клиниката. За повлечените количини во материјалната евиденција на магацинот за медицински материјали извршено намалување на залихите во износ на 9.438 илјади денари (преку сторнирање залихата во магацинот Интервенции сали и вратени во магацин за медицински материјали и евидентиран потрошок во Интервенции сали) без притоа сторaниот износ од 4.112 илјади денари да се евидентира во финансиско сметководство на сметката на залиха. Наведеното е резултат на нецелосни контроли и посебно обележување при прием/потрошок на медицински средства добиени како донација за клинички испитувања со што при повлекување на количините не е обезбеден документ за евиденција на сторнираниот износ;
- во Магацинот на медицински материјали и помошните магацини по ОЕ на секое медицинско средство има поставени налепници со бар кодови на производителот, односно носителот на одобрението за ставање во промет на средствата, меѓутоа врз основа на податоците од фактура/испратница од добавувачот во програмот се внесува сериски број на делот но не и рокот на траење, што е неопходно поради природата на залихата, што не е во согласност

со став 5 од член 92-г од Законот за здравствена заштита. Наведеното оневозможува соодветно следење и увид во реалната состојба на количините на материјали на залиха и нивната употребливост поради што се создаваат залихи кои се неупотребливи односно истите се со изминат рок на употреба.
- при увидот на документацијата предлог за расход и материјалната евиденцијата констатирани се залихи на медицински средства по ОЕ кои немаат потрошок во текот на годината во вкупен износ од 18.448 илјади денари а се почетна состојба во 2017 година и евидентиран расход-оштетен материјал во износ од 528 илјади денари, кои не се употребливи а не се расходувани. Имено во периодот од 2012-2017 година не се преземени активности за целосен попис и уништување на медицинските средства со поминат рок на траење кои се наоѓаат во магацинот сала на Ангиографија и Интервенции сали, согласно член 73 од Законот за управување со отпад и Правилникот[11].

Во отсуство на финансиската евиденција по организациони единици, оневозможено е следење на потрошок на медицинските средства кој за 2017 година е искажан во износ од 151.346 илјади денари и усогласување на состојбата утврдена со попис, како и неможност за утврдување на одговорност во случај на одредени отстапувања од причина што претставуваат значаен дел од вкупните расходи.

Поради констатираните состојби не се уверивме дека искажаните податоци во финансиските извештаи ја отсликуваат реалната состојба на залихите како и нивниот потрошок во текот на годината, што не е во согласност со член 7 и 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетски корисници, член 7, член 11 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетски корисници, член 7 и член 16 од ЗЈВФК и член 92-г од Законот за здравствена заштита,

Во текот на вршење на ревизијата преземени се активности:
- од страна на економскиот оператор кој врши одржување на софтверот извршено е усогласување на податоците од „листа на лагер" по артикли со „спецификации на артикли по тип на артикли";
- овозможено е изготвување на документ требување од одделите и испратница за издадените количини на артикли од магацинот за медицински материјали;
- воспоставено е внесување податоци за рок на употреба на медицинските средства.

**Препорака**
Надлежните органи за управување и раководење да преземат активности за:
- воспоставување на финансиска евиденција на залихите на медицински средства по ОЕ, следење на приемот и реалниот потрошок, усогласување со

[11] Правилникот за начинот на постапување со медицинскиот отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад за начинот на постапување со медицинскиот отпад.

пописот и утврдување на одговорност во случај на отстапување на состојбата на истите;

- воспоставување на целосна и навремена евиденција за сите видови артикли на медицинските средства за кои е извршен прием на клиниката и тоа преку магацинот за медицински материјали и организационите единици каде се потрошени/употребени по пациент;
- разграничување на набавените медицински средства и лекови од страна на клиниката од добиените медицински средства како донација за клиничко испитување и воспоставување на евиденција на залиха на сметката на средства од донации.
- преземање на активности за попис на медицинските средства со поминат рок/оштетени и преземање на активности за расходување на истите од страна на овластени лица и избор на економски оператор кој има соодветна дозвола за нивно уништување.

3.3.4. Со извршената ревизија на приемот, евидентирањето и управувањето со залихата медицинските материјали во магацинот за медицински средства (аптека) и ОЕ, констатирани се одредени состојби кои не се во согласност со одредбите на членот 7 и 12 Законот за сметководство на буџетите и буџетски корисници, и член 11 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- во насока на реално потврдување на состојбата на залихите на контрастни средства, ревизијата констатира дека во финансиската евиденција со состојба на 01.01.2017 година евидентирана е почетна негативна состојба на залиха во вкупен износ од 7.710 илјади денари. Негативната состојба произлегува од не извршеното усогласување на податоците евидентирани во материјалната со сметководствената евиденција што придонесе во сметководствената евиденција да се евидентира пренос на почетни состојби од минати години во поголем износ, евидентирање поголем износ на прием на залиха, како и несоодветно евидентирање на пренесеното салдо на залихи со состојба на 31.12. Воспоставена е пракса и на несоодветно евидентирање на залихата на 31.12. од претходна година која наместо да се прокнижи како почетна состојба истата е евидентирана како потрошок во тековната година, со образложение од одговорните лица дека тие залихи се враќаат за употреба /потрошок повторно на (прирачните аптеки) . Ваквиот начин на несоодветна евиденција не обезбедува реално и објективно искажување на состојбата на залихите во финансиските извештаи, и потврдување на реалноста на извршениот потрошок на материјалите;
- врз основа на документ требување се врши евидентирањето на потрошокот на контрастни средства во материјалната евиденција по оддели во рамките на организационите единици. Во сметководствената евиденција евидентирањето на вкупниот потрошок се врши врз основа на изготвените лагер листи од аптеката од кои на крајот од месецот материјалниот книговодител ги презема

внесените податоци по електронски пат и ги евидентира по видови на артикли.

При увид на искажаниот потрошок на контрастни средства во материјалната и финансиска евиденција утврдено е дека сметководствено е искажан помал износ на потрошок од 1.429 илјади денари, како резултат на евидентирани помали месечни износи на потрошок во финансиската евиденција, и не евидентиран потрошок на контрастни средства за месец август евидентиран во материјалната евиденција. Не востановената пракса на усогласување на материјалната со сметководствената евиденција во текот на годината, затајување на контролите во процесот на управување со залихите ја намалува можноста од детектирање на горе наведените пропусти;

Како резултат на наведеното, не е обезбедено реално и објективно искажување на состојбата на залихите на медицински материјали во финансиските извештаи на Универзитетската клиника и постојат ризици во начинот на користење на лекови и медицински материјали.

**Препорака**

Работоводниот орган на Универзитетска клиника да ги преземе потребните активности за воспоставување на целосна финансиска евиденција на залихите на медицински материјали во делот на усогласување на материјалната со финансиската евиденција

3.3.5. Во рамките на клиниката за потребите на тековното работење, како и приемот, чувањето и издавањето на материјали (канцелариски, материјали, средства за хигиена, обувки и други немедицински материјали) функционира магацинот за немедицински материјал. Клиниката има воспоставено материјална и финансиска евиденција на приемот и издавањето на горенаведените немедицински материјали и за истите во магацин е извршен попис со состојба на ден 31.12.2017 година. Во врска со начинот на функционирање на магацинот за немедицински материјал како и воспоставената евиденција констатирани се следните состојби:

- од увидот во деловните книги на клиниката констатирано е дека износот на состојбата на залихите на немедицински материјали (канцелариски материјал, средства за хигиена и други немедицински материјали) искажан на крајот на претходната фискална година не претставува почетна состојба на износ на залиха за наведените материјали во тековната фискална година. Имено од извршената анализа во финансиската евиденција ревизијата констатира дека се искажани негативни состојби во износ од 13.497 илјади денари. На ревизијата не и беа презентирани докази за причините за оваа состојба. Од страна на одговорните лица е посочен проблем кој се однесува на пренос на базата на податоци со кој клиниката се соочила во претходниот период како и

пропусти при евидентирање на излез на немедицински материјали од страна на организационите единици.

Оваа состојба е спротивна на член 9 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници како и на член 14 став 4 и 5 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Утврдените состојби влијаат врз реално и објективно прикажување на состојбите за залихите на немедицински материјали.

**Препорака**
Одговорните лица да преземат активности за целосно вршење на попис на немедицинскиот материјал во магацин и по организациони единици, редовно усогласување на состојбите со залихата на немедицински материјали и реално и објективно прикажување во деловните книги.

3.3.6. Со извршниот увид во сметководствената евиденција на опремата, анализа на документацијата и физички увид на дел од медицинската опрема со која располага УК за кардиологија ревизијата го констатира следното:
Во 2013 година УК за кардиологија добила донација автоклав уред (стерилизатор - 675 литри), со придружна опрема (донација од Турска агенција), кој е нефункционален непосредно по неговото добивање и нема ниту еден процес на стерилизација. На ревизијата и беше презентиран Протоколот за соработка за давање на донацијата, но во работна верзија без потпис од одговорните лица. За наведената опрема на ревизијата не и беше презентиран записник за прием од комисија која би го потврдила примопредавањето на опремата, нејзината исправност и пуштање во употреба. Наведениот автоклав уред сметководствено е евидентиран по набавна вредност од 1.600 илјади денари (и сегашна вредност 162 илјади денари) и покрај тоа што тие средства не почнале да се користат за вршење на дејноста.

Утврдените состојби не се во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, член 22 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, член 92-а од Закон за здравствената заштита, член 4 и член 11 од Законот за донации, што влијае опремата да не ја извршува намената и функцијата за која е добиена, што ќе предизвика трошоци за одржување / сервисирање /отуѓување на истата.

**Препорака**
Одговорното лице да преземе мерки и активности за:
- донесување на Одлука за начинот на постапување со опремата која подолг период е неисправна;
- зајакнување на контролите при прием на опрема и записнички потврдување на техничката исправност и функционалност на истата.

3.3.7. Со извршениот увид во сметководствената евиденција на градежните објекти утврдени се следните состојби:

- состојбата на недвижноста е евидентирана во Имотен лист бр.18010 каде што е запишано правото на користење на Клиника за кардиоваскуларни заболувања наместо Универзитетска клиника за кардиологија за вкупна површина од 5.805 м$^2$ на недвижен имот (зграда). Универзитетската клиника во октомври 2007 година има доставено барање до надлежните институции за исправка на настанатата грешка во називот , но состојбата останала непроменета. Во период на вршење на ревизијата клиника обезбедува препис на имотниот лист со ажурирани податоци од Агенцијата за катастар на недвижности каде што за површина од 200,51 м2 запишано е право на користење на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија врз основа на Одлука на Влада на РМ[12] од април 2018 година, а само за површина од 1.303 м$^2$ запишано е право на користење на МЗ-Клиника за кардиоваскуларни заболувања и без исправка на податоците за називот. Универзитетската клиника повторно вади препис на имотниот лист при што утврдивме дека се надминати состојбите (донесена е Одлука за престанок за давање на користење на недвижно ствари на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија) и за површина од 5.641 м$^2$ запишано е право на користење на Универзитетската клиника за кардиологија;
- не е запишано правото на користење на Универзитетската клиника за кардиологија за земјиштето под објектот (зграда) поради што не се преземени активности за определување на вредноста на земјиштето и негово сметководствено евидентирање.

Отсуството на уредни и вистинити документи не е во согласност со член 137, член 141, член 141-а, 142 од Законот за катастар на недвижности и член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
Утврдените состојби предизвикуваат ризиците во однос на начинот на користење на објектот да не се сведени на прифатливо ниво што влијае на реалноста и објективноста на искажаните податоци во деловните книги на позицијата градежни објекти и квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**
Одговорното лице во Универзитетската клиника да преземе мерки и активности за обезбедување на реални и веродостојни докази за правото на користење на земјиштето како основ за веродостојно евидентирање во сметководствената евиденција.

[12] Одлука на Влада на РМ за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на клиниката на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија – Скопје бр.44-4268/1 од 17.04.2018 година („Службен весник на РМ“ бр.75/2018).

## 3.4. Користење на средствата согласно законски прописи

3.4.1. Со извршениот увид во планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки спроведени во текот на 2016 година и 2017 година (со реализација во 2017 година) ревидиран е износ од 361.876 илјади денари или 85% од вредноста на склучените договори што имаат реализација во текот на 2016 и 2017 година ги констатиравме следните состојби:

**Утврдени состојби кои се однесуваат на спроведените постапки за ДДЈН**

- одговорните лица на клиниката изјавата за непостоење на судир на интереси не ја потпишувааат согласно одредбите утврдени во ЗЈН. Во исто време заменикот на претседателот и замениците на членовите на комисијата за ЈН не потпишуваат изјави за непостоење на судир на интереси. Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на член 62 од ЗЈН и член 20-б од Законот за спречување на судир на интереси[13];
- универзитетската клиника врз основа на Договор за групна набавка склучен со ЈЗУ Клиничка болница Др.Трифун Пановски Битола спроведува повеќе групни набавки[14] за кои УО на КБ Битола има донесено една Одлука на годишно ниво за учество во сите постапки со вредност од 4.000 илјади денари. Ревизијата констатира дека вредноста на склучените договори која е определена за КБ Битола е над износот кој е утврден како учество во одлуката за групна набавка. Наведената состојба не е во согласност со членот 28 од ЗЈН каде што се уредува дека набавката треба да биде во рамките на вредноста определена со Одлуката за јавна набавка/одлука за до обезбедување на средства и
- во образецот на понуда од тендерската документација не е предвидено да се искажува цена без ДДВ и посебно износ ДДВ.

Во текот на ревизијата постапено е за дел од констатираните слабости при спроведување на постапките за јавна набавка за 2018 година и тоа:

- со постапка за ЈН 05/2018 година доставено е барање од Комисијата за утврдување на техничка спецификација за набавка на медицински помагала и медицински потрошен материјал за интервентна кардиологија и од Одделот утврдени се потребните количини за набавка на стентови катетри и дистална протекција за период од една година при што се предвидени 21 дел без да бидат вклучени делови кои не се сродни;

---

[13]Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ 12/2019);

[14] Набавка на медицински помагала-медицински потрошен материјал за интервентна кардиологија(стентови, катетри, жици и друго) бр.12/2016 Набавка на Медицински потрошен материјал за интервентна кардиологија (интродјусери, жици, катетри, и останат материјал) по постапка бр.25/2015, бр.41/2016 за набавка на Медицински потрошен материјал за интервентна кардиологија.

- извршена е измена на договорот во член 5 со кој се предвидува по писмена нарачка од клиниката добавувачот да изврши испорака на бараната количина во рок од 3 дена;
- со постапка 5/2018 изменет е образецот понуда во тендерската документација и посебно се искажува цена без ДДВ и посебно износ ДДВ и
- со новите постапки од 2018 година за време на јавно отворање на понудите директорот потпишува изјави за постоење на судир на интереси.

**Препорака**
Да се преземат активности за потпишување на изјави за непостоење на судир на интереси од сите членови на комисијата, вклучувајќи ги и замениците, во разумен рок по отворање на понудите.

**Утврдени состојби од детални тестови на постапките за јавни набавки:**

**Јавна набавка на Медицински помагала-медицински потрошен материјал за интервентна кардиологија (стентови, жици, катетри и др.)[15]:**
Донесена е Одлука за јавна набавка[16] со проценета вредност за реализација на договорот за јавна набавка во износ од 117.351 илјада денари и истата не е усогласена со обезбедените средства со финансовата план што се утврдени и во планот за јавни набавки од 77.400 илјади денари. Постои надминување во износ од 39.951 илјада денари, односно за 52% зголемување над обезбедените средства за реализација на ЈН во тековната година. Наведеното не е во согласност со член 26 и 28 од ЗЈН каде е уредено утврдувањето на вкупни потреби во планот за јавни набавки за тековната година да се носи врз основа на утврдените извори за финансирање со кој го определува проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот и да се носи одлука согласно планот за јавни набавки и средствата потребни за реализација на договорот. Наведената постапка не е спроведена согласно член 15 став 2 од Законот за ЈН со кој е предвидено можност предметот на договор за јавна набавка да се оформи во повеќе посебни истоветни делови, а со набавката споени не истоветни делови освен стентови и жици, катетри, итодјустери и др. мед. материјали за кои со планот за јавна набавка за 2016 година се предвидени посебни постапки. Ваквата состојба има влијание во текот на годината да се спроведуваат повеќе постапки групирани со не истоветен предмет на набавка и склучување на повеќе договори за набавка на еден вид со надминување на проценетата вредност за реализација на договорите за јавна набавка;

[15] ОП бр.12/2016
[16] ОП бр.29/2016 и Одлука за јавна набавка број 05-266/68 од 27.06.2016 година

**Јавна набавка на Медицински помагала за лабораторија за електрофизиологија и електростимулација на срце (електростимулатори, дефибрилатори, електроди, катетри и др.)[17]:**

- Со планот за ЈН  кој е разложен и предвидени се 18 делови а спроведена е постапка за 38 делови, во планот се предвидуваат вредност на јавната набавка со ДДВ на пејсмејкери, дефибрилатори, електроди во износ од 36.421 илјада денари а проценета вредност во одлуката за јавна набавка за реализација на набавката е на износ од 69.986 илјада денари. Зголемувањето на бројот на делови е поради доставена техничка спецификација од Одделението лабораторија за електрофизиологија и електростимулација на срце пред да се спроведе ЈН со барање да се зголемат количините кои претходно не се планирани. Ваквата состојба има влијание на создавање на обврски за кои клиниката нема обезбедено средства за намирување на обврските согласно договорениот рок за исплата.

**Јавна набавка на Потрошен медицински материјал: ЕВАР И ТЕВАР [18]:**

- Во Планот за ЈН од  2016 година не е предвидена набавка на стентови со назив ЕВАР и ТЕВАР во износ од 5.750 илјади денари а истовремено во 2016 година е спроведена и постапка за јавна набавка на стентови и дистална протекција: бр. 12/2016 каде во дел 37 е предвидена набавка на стентови со назив евар и тевар. Наведеното не е во согласност со член 27 од ЗЈН со кој договорниот орган не смее да врши делење на договор за јавна набавка на повеќе посебни договори со пониска вредност во случајов за предметот на набавката. Ваквата состојба има влијание на создавање на обврски  за кои клиниката нема обезбедено средства за нивно намирување согласно договорениот рок за исплата.
- Склучен е договор број 03-266/76 од 12.07.2016 година на износ од 1.171 илјада денари со ДДВ  со економскиот оператор без да биде доставен доказ Одобрение за паралелен увоз издадено од Агенцијата за лекови и медицински средства за дел 37[19]. По барање на универзитетската клиника доставено е одобрение на 12.10.2016 година со датум на издавање од 27.07.2017 година што укажува на тоа дека во периодот од поднесување на понудата економскиот оператор не доставил документ за  докажува исполнувањето на минималните услови за да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговата техничка или професионална способност. Наведеното не е во согласност со член 140 став 3 од Законот за јавни набавки каде е утврден рок од пет работни дена од крајниот рок за поднесување на понудите понудувачите да ги дополнат документите за утврдување способност но и покрај известувањето од страна на клиниката навремено не е доставена

[17] ОП бр.29/2016 со архивски број - 05-1195/6 од 01.09.2016 година
[18] ОП бр.30/2016 и Договор број 03-2060/56 од 13.12.2016
[19] periferen stent graft sistem, od 22mm do 46mm minimum raspon na dijametar i dolzina od 112mm do 212mm. (EVAR-TEVAR).

документација од страна на понудувачите и влијае на отпочнување на реализација на склучениот договор;

**Јавна набавка на Медицински потрошен материјал за интервентна кардиологија** (спроведена како групна набавка врз основа на Договор со ЈЗУ Клиничка болница Др.Трифун Пановски Битола)[20]:

- еден дел од техничката спецификација по постапката се поништува, а за два дела избран е второрангираниот понудувач бидејќи најповолниот понудувач по завршување на е-аукцијата со допис известил дека нема да биде во можност да ја испорачува предметната стока поради прекин на соработката со производителот. Притоа Универзитетската клиника не ја активирала банкарската гаранција на понудата предвидена со тендерската документација, што не е во согласност со член 47 од ЗЈН каде што се уредува дека договорниот орган ја наплаќа гаранцијата на понудата, ако понудувачот ја повлече својата понуда пред истекот на нејзината важност/не го потпише договорот согласно доставената понуда. На ваков начин Универзитетската клиника не ја искористила законската можност за наплата на банкарската гаранција како еден од механизмите за надоместување на потрошените ресурси/ризикот од ненавремено обезбедување на потребите материјали;

**Јавна набавка на стоки Лекови- кои се на товар на ФЗОМ, Лекови- кои не се на товар на ФЗОМ и Лекови кои не се регистрирани во РМ[21]:**

- Со извршената ревизија констатирано е дека за наведената постапка се склучени договори во вкупна вредност од 1.703 илјади денари со вклучен ДДВ. Со увид на изготвената тендерска документација утврдено е дека од економските оператори како минимален услов за докажување на нивната техничка и професионална способност се бара доставување на: Решение за ставање во промет на готов лек или привремено и трајно одобрение за паралелен увоз за -регистрирани лекови, и Дозвола за увоз (интервентен увоз) за нерегистрирани лекови. Со увид на доставените понуди од страна на економските оператори утврдено е дека најголем дел од нив за задоволувањето на минимумот критериуми во својата понуда доставуваат Решенија за ставање во промет на одредени лекови чии носители се други економски оператори, како и Одобрение за увоз на име на друг економски оператор. И покрај податокот дека сите економски оператори се регистрирани за трговија на големо со фармацевтски производи од нивна страна не се доставени дополнителни валидни докази како договори за застапување со економските оператори чии решенија се доставени во понудата. Ваквата состојба не е во согласност со делот 2.4 од тендерската документација и членот 18 од Законот за лекови и медицински средства каде е уредено кој се оператор може да биде носител на одобрение. Нецелосна проверка на комплетноста на документацијата за утврдување на способност на понудувачите создаваат ризици за намалување на

[20] ОП бр. 41/2016
[21] ОП бр.22/2016

конкуренција, и ефикасност во системот на јавни набавки. По завршување на ревизијата во фазата на изготвување на претходен извештај од страна на одговорните лица од Секторот за јавна набавка доставени се дополнителни податоци за утврдување на способност на понудувачите со кои се склучени договори и тоа: склучени договори за меѓусебна соработка, и овластувања за учество на тендери, со ЕО со чии решенија одбраните понудувачи учествуваа во постапката/понудата;

**Јавна набавка за тековно и генерално чистење на просториите и Јавна набавка за услуга за физичко обезбедување[22]:**

- во рамките на техничките спецификации кај постапката за физичко обезбедување не е прецизно наведен бројот на лица кои треба да се ангажираат за физичко обезбедување во период од 24 часа секој ден од неделата;
- банкарските гаранции за квалитетно извршување на договорите се издадени после денот на склучување на договорите што не е во согласност со член 7 од Договорите каде што е наведено банкарската гаранција да се достави при потпишување на договорот во спротивно договорот се смета за неважечки;
- кај двете постапки со увид во сметководствената документација утврдивме дека како прилог кон фактурите не е приложена испратница / работен налог потпишан од овластени лица на набавувачот и добавувачот, што не е во согласност со член 5 и член 8 од склучените договори.

Наведените состојби укажуваат на слабости во начинот на планирање и изработка на техничките спецификации, како и во почитување на одредбите од договорите.

**Јавна набавка и монтажа на опрема за болничка перална[23]:**

- добиена е согласност од Советот за ЈН за техничките спецификации која се состои од мислења од три стручни лица од кои едно стручно лице не дава согласност а две стручни лица даваат согласност. Првото и третото стручно лице (иако дава согласност) имаат одредени забелешки на техничките спецификации за кои сметаат дека треба да се исправат пред објавување на огласот како би се зголемила понудата за стоката која се побарува. И покрај дадените забелешки од страна на стручните лица Советот за јавни набавки дал согласност без услов за постапување пред објавување на огласот, поради што Комисијата за јавни набавки не ги инкорпорирала забелешките од стручните лица во техничките спецификации. На ваков начин за делот 4 од техничките спецификации не е добиена понуда што може да се должи на недореченостите во техничката спецификација;

[22] ОП бр.25/2016 и БПП бр.27/2017
[23] ОП бр.4/2016

**Јавна набавка на Две годишен сервис на медицинска опрема Ангиографи SHIMADSU со набавка и вградување на резервни делови[24]:**

Во текот на 2016 и 2017 година спроведена е постапка за склучување на рамковна спогодба за која е склучен Договор[25] за јавна набавка во износ од 24.657 илјади денари со ДДВ. Од извршеното детално тестирање на постапката ревизијата ги констатира следните состојби:

- со увид на тендерската документација за постапката утврдено е дека од страна на Универзитетската клиника не е наведена специфицирана листа на резервни делови по апарати, туку се дадени само апаратите предмет на сервисирање со нивните внатрешни и надворешни единици во состав, без определени количини по поединечни позиции. Понудата од страна на економскиот оператор е дадена во вкупен вредносен износ (паушал) за двегодишен сервис по апарат, без дадени цени по секоја позиција поединечно. Во отсуство на дефинирана листа на резервни делови, определени количини и цени по резервни делови постои ризик од страна на операторот да се изврши сервисирање на опремата по цени на деловите повисоки од пазарните, што придонесува клиниката да надомести многу повисока цена за деловите што доведува несоодветно, искористување на средствата со кои располага Клиниката. Наведеното не е во согласност со член 2 и член 33 од законот за ЈН;
- во изготвената тендерска документација, и Одлуката за јавна набавка предвидена е Гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од неговата вредноста. Согласно член 10 од Договорот уредено е дека најповолниот понудувач треба да ја достави гаранцијата при потпишување или најдоцна 15 дена по склучување на истиот во спротивно договорот се смета за неважечки. Од страна на одговорните лица на клиниката не е постапено согласно одредбите од договорот односно истиот е склучен без доставена гаранцијата во предвидениот временски период ( доставена по 2 месеца од склучување на договорот). Оваа состојба не е во согласност со член 48 од ЗЈН;
- во делот на извршувањето на сервисните услуги, со склучениот договор е уредено дека замената ќе се врши исклучиво со оригинални нови резервни делови а како потврда од страна на операторот ќе се доставува оригинални фактури од производителот. За извршените услуга од страна на добавувачот се изготвуваат работни налози. При увид на истите констатирано е дека најголем дел работните налози не содржат количина, цена на извршените сервисни услуги, а при замена на резервни делови не се приложени оригинални фактури од производителот како потврда за нивната оригиналност, што не е во согласност со членот 5 и членот 10 од склучениот договор. Ваквиот начин на постапување не дава уверување за реалноста на извршените сервисни услуги со влијание на начинот на користење на средствата.

[24] ОП бр.45/2016
[25] Договор бр. 03-95 /36 од 23.05.2017 година за ЈН Две годишен сервис на медицинска опрема Ангиографи SHIMADSU со набавка и вградување на резервни делови.

**Препорака**

Одговорните лица да преземат мерки и активности во делот на:

- преиспитување на вкупно расположливите средства за набавката пред отпочнување на постапката, сразмерно на потребите од набавка;
- при склучување на анекс договори истите да бидат во вредност која се однесува за Универзитетската клиника;
- постапување согласно законските одредби во делот на банкарските гаранции на понудите;
- зајакнување на контролите при изработка на техничките спецификации, како и во делот на следење на реализацијата на склучените договори;
- комисијата за јавна набавка во фаза на евалуација на понудите да постапува согласно одредбите од законот во делот на проверка на комплетноста на понудите за утврдување на способноста на понудувачите, и задолжително барање од понудувачите да ги дополнат документите за утврдување на способност;
- надлежните лица при дефинирање на техничката спецификација да изготват спецификувана листа на резервни делови по апарати кои во најголем дел се предмет на замена, а во случај на замена на резервни делови кои не се предвидени со техничката спецификација да предвидат заштитна одредба во тендерската документација со која истите да се фактурираат со однапред утврден процент на маржа од набавната цена на овластениот дистрибутер, а како потврда економскиот оператор да достави оригинални фактури за набавените резервни делови од овластениот дистрибутер;
- одговорните лица да преземат мерки и активности за обезбедување на целосна поткрепувачка документација за извршените активности од страна на ЕО како основ за вршење на исплати.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 3.2. до 3.4., кои се основ за изразување мислење, се:

- актите за организација и систематизација на клиниката не се усогласени согласно барањата на законската регулатива;
- функцијата директор ја извршува вршител на должност медицински директор и не е пристапено кон склучување на менаџерски договори;
- воспоставена е материјална евиденција на приемот и издавањето на залихите на материјали во магацинот на медицински материјали и ОЕ која не е реално и објективно презентирана во финансиските извештаи;
- залихи на медицински средства по ОЕ кои немаат потрошок во текот на годината во вкупен износ од 18.448 илјади денари и евидентиран расход-оштетен материјал во износ од 528 илјади денари, за кои не се преземени активности за целосен попис и уништување;

- нецелосно и неправилно спроведен попис на материјалните средства, залихите по организациони единици и на обврските;
- спроведени се постапки за јавни набавки во кои се констатирани одредени недоследности во делот на усогласеност на одлуките за јавна набавка со планот и обезбедените средства.

**4. Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2. до 3.3., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Универзитетската клиника на ден 31 декември 2017 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2. до 3.4., погоре, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи Универзитетската клиника, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**5. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет**

Ревизијата смета дека е потребно да се обелоденат одредени состојби поради значајноста и влијанието на истите врз работењето на Универзитетската клиника и во наредниот период:

5.1. Законот за здравствена заштита ги третира здравствените установи како посебни правни субјекти, при што средствата за работа покрај другите извори ги стекнуваат и од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, за здравствени услуги дефинирани со договор според утврдените цени на здравствените услуги или според извршени програми за одделни видови на здравствена заштита.

Согласно одредбите од член 68-а од Законот за здравствено осигурување, Фондот за здравствено осигурување на Македонија како купувач на здравствени услуги склучил договор со Универзитетската клиника во кој се регулирани прашањата за начинот на фактурирање на извршените услуги и начинот на плаќање на истите. Имајќи го предвид износот во склучениот договор со утврдениот буџет на приходи - Трансфери од Буџетот на Фонд е утврден во износ од 360.400 илјади денари и износот на вкупната реализација искажана во фактурите за извршени здравствени услуги за осигурени лица во месечните извештаи за 2017 година во вкупен износ од 473.577 илјади денари, ревизијата констатира дека не се работи за вистинско купување на извршените здравствени услуги. Имено согласно

Записникот за извршено усогласување на клиниката со Фондот за износ од 113.177 илјади денари клиниката има повеќе извршени здравствени услуги во однос на договорениот лимитиран, односно не се признати како побарувања кои треба да се наплатат во наредниот период што влијае на финансиската состојба на Универзитетската клиника, особено во услови кога има ненаплатени побарувања од Министерството за здравство по основ на извршени здравствени услуги согласно програмите во износ од 14.330 илјади денари. Заради наведеното и покрај минималното зголемување на буџетот од 5 % во овој период клиниката има вкупни неисплатени обврски во износ од 139.400 илјади денари или 39% од буџет на клиниката кои согласно Законот за финансиска дисциплина заклучно со 31.12.2017 година не е во можност да ги исполни.

5.2. Во рамките на зградата на Универзитетската клиника за кардиологија сместена е Универзитетската клиника за државна кардиохирургија која е основана со Одлука на Влада бр.42-118/1 од 22.01.2014 година. За адаптирање на просторот доделен на Универзитетската клиника за државна кардиохирургија (кој претходно бил карабина) била спроведена инвестиција од страна на Министерството за здравство како дел од Проектот за реконструкција и доградба на објектите на ЈЗУ во РМ. Имено станува збор за простор за кој во септември 2011 година Универзитетската клиника за кардиологија доставила Барање за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти до Министерството за транспорт и врски, по претходно добиени насоки од МЗ на РМ за уредување на имотно правниот и урбанистички статус. На ревизијата не и беше обезбедена целокупната документација со геодетскиот елаборат за делот од објектот со образложение дека истата била предадена на проектната единица при МЗ на РМ.

Во 2017 година УК за државна кардиохирургија со допис[26] и испраќа на УК за кардиологија Информација бр.23-427/1 од 20.01.2016 година добиена од МЗ на РМ со податок за вкупната вредност на реализираната инвестиција од 44.342 илјади денари за понатамошно постапување и сметководствено евидентирање. УК за кардиологија ја враќа документацијата со образложение дека УК за државна кардиохирургија е посебен правен субјект сместен во дел од простории кои се отстапени во нивно владение поради што нема да изврши сметководствено евидентирање на реализираната инвестиција. Истовремено Универзитетската клиника за кардиологија на ден 30.01.2017 година доставува известување[27] до МЗ на РМ каде ја посочува потребата од разрешување на определени проблеми со кои се соочуваат двете клиники особено во делот на просторното владеење на клиниките, решавање на постоечкиот проблем со електрична енергија и поставување на

[26]Известување од УК за државна кардиохирургија бр.03-126/1 од 16.01.2017 година за постапување и сметководствено евидентирање согласно моменталните имотно-правни состојби.
[27]Известување од УК за кардиологија до Министерството за здравство бр.03-198/1 од 30.01.2017 година.

посебни броила за клиниките, еднакво партиципирање во трошоците за одржување на лифтови, чистење на влез, скалила и сл., за што повратно не е добиен одговор.
На ревизијата не и беше обезбеден релевантен податок за тоа колкав простор од зградата е доделен на користење на Универзитетската клиника за Државна кардиохирургија поради не располагање со точни и веродостојни податоци и дали дел од истиот е запишан во имотниот лист со право на користење на УК за кардиологија.
До денот на вршење на ревизијата не е склучен Договор помеѓу двете клиники за уредување на меѓусебните односи за еднакво партиципирање во заедничките трошоци, ниту пак се решени имотно-правните односи помеѓу двете клиники за точно утврдување на просторот со кој располагаат клиниките и запишување на промените во јавните и деловните книги, што не е во согласност со член 3, член 5-б, член 6, член 21 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, како и член 137 и член 156 Законот за катастар на недвижности.

5.3. Врз основа на извршниот увид во сметководствената евиденција на опремата, анализа на документацијата за медицинската опрема со која располага УК за кардиологија ревизијата констатира дека кон крајот на 2011 година на Универзитетската клиника доделена и е опрема врз основа на Одлука на Влада[28] (ангиографи, монитори, централна станица за мониторинг, машина за дишење, стерилизатори). Преотстапената опрема била ново набавена по постапка од страна на МЗ на РМ. По овој основ МЗ на РМ склучило Договор за давање на трајно користење на движни ствари-медицинска опрема[29] со УК за кардиологија во 2013 година во вкупна вредност од 131.376 илјади денари. Помеѓу вредноста во договорот и сметководствената вредност оформена од УК за кардиологија (по среден курс на Народна банка на РМ на денот на објавување во Службен весник на РМ, како и пресметана амортизација и ревалоризација) се јавила разлика од 644 илјади денари поради за што Универзитетската клиника со Укажување од 05.11.2013 година го известува МЗ на РМ, но состојбите останале непроменети.

По извршениот физички увид на дел од горенаведената медицинската опрема утврдивме дека двата добиени стерилизатори (автоматизиран парно формалдехидски стерилизатор 150-250 л., стерилизатор за брза стерилизација на ендоскопски и оптички инструменти, материјали од гуми, пластика и сл.) не се користат од страна на клиниката поради неисправност, односно нивна нефункционалност. Ревизијата доби образложенија дека двата стерилизатори при нивното добивање се конектирале но во изминатиот период (од нивното добивање па наваму) воопшто не била реализирана ниту една стерилизација на инструменти/материјали и покрај тоа што во членот 4 од склучениот договор помеѓу МЗ и УК за кардиологија е наведено дека движните ствари во моментот на

[28] Одлука на Влада бр.51-7347/36 од 13.12.2011 година за Престанок на правото на користење на движни ствари на МЗ на РМ и за давање на трајно користење на ЈЗУ УК за кардиологија („Службен весник на РМ" бр.177 од 22.12.2011 година).
[29] Договор за давање на трајно користење на движни ствари-медицинска опрема случен помеѓу МЗ и УК за кардиологија бр.03-2110/3 од 21.10.2013 година.

примопредавање се во исправна состојба. На ревизијата не и беше обезбеден основниот договор за набавка на медицинската опрема склучен од страна на МЗ на РМ, на кој начин не бевме во можност да го утврдиме гарантниот период на опремата и причините за неотстранување на дефектот. Двата стерилизатори имаат сметководствена ревалоризирана набавна и ревалоризирана исправка на вредноста од 12.052 илјади денари односно нивната сегашна вредност е „0“поради пресметка на амортизација и покрај тоа што тие средства не почнале да се користат за вршење на дејноста.
Утврдените состојби не се во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, член 22 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, член 92-а од Закон за здравствената заштита, член 4 и член 11 од Законот за донации, што влијае опремата да не ја извршува намената и функцијата за која е добиена.

5.4. Во делот на користењето на услуги од ЈУ од областа на здравството[30] и регулирањето на меѓусебните права и односи ревизијата утврди одредени состојби и тоа:

- за обезбедување и снабдување со храна на пациентите извршено е фактурирање за додатоци кон болнички оброк од страна на ЈУ на кои на утврдената набавна цена (постигната по спроведена постапка за јавна набавка) вкалкулирана е и маржа во висина од 19% за готов артикл. Ревизијата не можеше да се увери во основаноста на утврдените маржи во Ценовникот на услуги врз основа на кој се врши фактурирање до клиниката. Покрај наведеното ревизијата констатира дека во рамките на Ценовникот на услуги утврдена е цената за болнички оброк (кој подразбира доручек, ручек и вечера), но без да бидат утврдени поединечните цени за оброците доручек, ручек и вечера по кои ЈУ фактурира за пациенти кои користеле само еден оброк;
- во ценовникот на услуги определена е цена за услуги за перење и дистрибуција на болнички веш по килограм. По овој основ ЈУ од областа на здравството фактурира по цени за извршена услуга за која не е извршено мерење на тежината на доставениот веш, односно во доставената спецификација истата е пресметана по парче, додека потврда за мерење на тежината нема.;
- за извршени занаетчиски услуги на клиниката, како и ПТТ услуги ЈУ од областа на здравството врши фактурирање како месечен паушал врз основа на утврдена цена за м$^2$ површина / утврдена цена по телефонски приклучок а не врз основа на реално извршени работи и услуги .

  Утврдените цени на услугите по кои се врши фактурирање од страна на ЈУ од областа на здравството, влијае на висината на преземените обврски на клиниката и исплата по овој основ.

[30] Јавна установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ, Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар Скопје.

Раководното лице на Универзитетска клиника да иницира измена и дополнување на одредбите од договорот во делот на начинот на утврдување на цените на услугите со Ценовникот на услуги од страна на ЈУ од областа на здравството.

**6. Останати прашања**

6.1. На ден 17 април 2018 година склучен е Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија помеѓу министерот за здравство на РМ и претседателот на самостоен синдикат, за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија. Со наведениот анекс се пристапува кон измени и дополнувања меѓу кои и измени и дополнувања на членот 64 од Колективниот договор со кој меѓу другото се брише став 5 кој гласи: „Ако во ист ден се совпадне остварување на право на додаток на плата од став 1 на овој член, работникот има право на исплата на поповолното право зголемено за 8 %“.

Бришењето на наведениот став создава услови вработениот во ЈЗУ да имаат право на зголемување на основната плата и тоа:

- прекувремена работа 29%;
- работа ноќе (помеѓу 22 часот и 6 часот наредниот ден) 50 %;
- работа во три смени 4%;
- работа во организирана единица за итна медицинска помош 8%;

За работа во денови на празници утврдени со Закон работникот има право на додаток на плата што му припаѓа кога тие денови не се работи и плата за поминати часови на работа зголемени за 42%.

Работникот има право на додаток за дежурство во хируршки гранки во износ од 125%, а во другите гранки 105% од саатнината за редовно работно време.

Надоместокот за приправност изнесува и тоа:

- без остварен повик и ангажирање 8% од дневницата од неговата плата, а за остварен повик и ангажирање 113% од неговата плата по час, за времето кога бил ангажиран.

За наведената состојба ревизија не обезбеди разумно уверување на ваков начин на уредување на поединечните проценти за одредени надоместоци/додатоци и укажува на фактот дека висината на платата потребно е да се уредува преку одредбите кои се однесуваат на основната компонента на платата на вработените а исклучителната компонента од плата која се однесува на претходно наведените одредби потребно е да ги следи процентите во јавниот сектор.

6.2. Согласно одредбите на член 13 – а и 13 – б од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 93/17) и одредбите на член 14 и 15 од Законите за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18) утврдените се: категориите, нивоата, групите и подгрупите на работните места

во јавниот сектор. Во делот 5 – а од Законот за здравствена заштита членовите 155 – а до 155 – е, се врши класификација на работните места и се утврдуваат категориите и нивоата на работните места за давателите на јавни услуги и се утврдуваат подгрупите за помошно техничките лица. Со претходно наведените законски акти не е утврдена основната компонента за утврдување на платата на вработените во јавниот сектор вклучувајќи ги и Јавните здравствени установи.

Ревизијата изврши споредување на наведените одредби со одредбите на Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија во Делот плата за извршена работа со што констатира дека не постои усогласеност помеѓу наведените одредби од Законот за здравствена заштита и наведениот колективен договор.

Имајќи во предвид дека не се преземени активности за:

- донесување и усогласување на интерните акти (Статут, Правилник за организација и Правилник за систематизација на работните места) кај дел од наведените субјекти;
- усогласување на Колективните договори на ниво на гранка, и
- донесување на колективни договори на ниво на работодавач,

а во насока на обезбедување на воедначен пристап при исплата на платите на вработените во Јавните здравствени установи овластениот државен ревизор со писмо број 14 – 392/1 од 22.03.2018 година се обрати до Министерството за информатичко општество и администрација со барање за добивање на повратни информации за исплата на платите на сите категории вработени во ЈЗУ (административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица). И покрај тоа што е доставена ургенција по наведеното барање до денот на известување од оваа ревизија не е добиен одговор на истото.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 360.400 | 342.400 |
| **Вкупно приходи** | **360.400** | **342.400** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 111.499 | 111.155 |
| Стоки и услуги | 248.257 | 231.095 |
| **Вкупно тековни расходи** | **359.756** | **342.250** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 644 | 150 |
| **Вкупно капитални расходи** | **644** | **150** |
| **Вкупно расходи** | **360.400** | **342.400** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2017** | **2016** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | 217.116 | 217.116 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 1 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 143.596 | 156.201 |
| Залихи | 115.875 | 138.522 |
| **Вкупно тековни средства** | **476.588** | **511.839** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 105.044 | 114.882 |
| **Вкупно постојани средства** | **105.044** | **114.882** |
| **Вкупна актива** | **581.632** | **626.721** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 134.562 | 147.048 |
| Краткорочни финансиски обврски | 595 | 577 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 8.440 | 8.576 |
| Пасивни временски разграничувања | 217.117 | 217.116 |
| **Вкупно тековни обврски** | **360.714** | **373.317** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 220.918 | 253.404 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **220.918** | **253.404** |
| **Вкупна пасива** | **581.632** | **626.721** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2017 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2017 година** | **114.882** | **138.522** | **253.404** |
| **Зголемување по основ на:** | **10.134** | **215.759** | **225.893** |
| Набавки | 1.681 | 215.759 | **217.440** |
| Ревалоризација на капитални средства | 8.453 | - | **8.453** |
| **Намалување по основ на:** | **19.973** | **238.406** | **258.379** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 7.022 | - | **7.022** |
| Амортизација | 12.951 | - | **12.951** |
| Потрошок на залиха на материјали резервни делови и ситен инвентар | - | 238.406 | **238.406** |
| **Состојба 31.12.2017 година** | **105.044** | **115.875** | **220.918** |